Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10-2071/33
12.08.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Општина Ѓорче Петров, донесе:

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на водоснабдувањето за населба Ѓорче Петров за Дел 1 и Дел 2: Пумна станица и резервоар Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров, www.opstinagpetrov.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на водоснабдувањето за населба Ѓорче Петров за Дел 1 и Дел 2: Пумна станица и резервоар Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: со планско – проектната документација која се донесува се врши уредување на просторот со површина од 1,21 ha, согласно важечката законска регулатива од областа на урбанизмот. Влијанијата врз животната средина од реализацијата на овој плански документ, не би биле од таков обем да се пропишуваат посебни мерки во планирањето, туку урбанистичко – техничките мерки ќе се применат при изработка на основните проекти за градбите.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Општина Ѓорче Петров
Г р а д о н а ч а л н и к,

Александар Стојкоски

Изработил:
Е. Ќулумоска, _____
Одобрил:
Ф. Ефтимов _____